# ЈУНАК НА ЕПОПЕЈАТА ОД РАШАНЕЦ
## (Д-р Стојан Ристески, *Војводаша Арїир Маринче*, ИРИС, Струга 2003)




Повеќе од четириесет години на повеќе полиња од македонистиката активно работи научниот истражувач проф. д-р Стојан Ристески. По повод стогодишнината од Илинденското востание и од херојската смрт на војводата Аргир Маринов-Маринче како резултат на нови научни сознанија тој во 2003 година го објави поднасловениот труд „Војводата Аргир Маринче“.

Уште во почетокот на книгата авторот дава слика на Охрид во втората половина на XIX век, кога градот доживеал крупни промени и бурни настани, помеѓу кои, спаѓаат: воведувањето на народниот јазик во класното училиште со неделен фонд од два часа во 1852 година, отворањето на првото словенско училиште во 1859 година и на второто во 1860 година, барањето обнова на укинатата автокефална Охридска архиепископија во 1890 година, енергичниот негативен став против големосрпската пропаганда итн. Освен тоа, авторот забележува дека за културно-просветно и за национално-револуционерно издигнување охриѓани формирале друштва и отвориле неделни вечерни училишта, така што пред Илинденското востание Охрид и Охридско биле меѓу најподготвените реони.

Во едно такво (не)време бил роден и свој придонес на просветно-културен и на национално-револуционерен план дал учителот-револуционер Аргир Маринов-Маринче. За родното место на Аргир Маринче нема никакви дилеми дека тоа е градот Охрид, но во врска со годината на негото раѓање има неколку мислења. Врз основа на повеќе извори и искажувања, Ристески како година на раѓање на Аргир Маринче ја утврдува 1861 година.

Авторот ја проследува животната врвица на Аргир Маринче, почнувајќи од неговото основно и прогимназиско образование, стекнато во родниот град Охрид, преку стапувањето на учителска должност во учебната 1878/79 година, па сè до неговата погибија на 13 септември 1903 година.

Животот на Аргир Маринче бил исполнет со голем број дејности. Имено, тој бил меѓу првите иницијатори за основање на Друштвото „Свети Климент“, првпат формирано во 1872 година, а преустановено во ученичко просветно друштво во 1885 година. Тоа друштво, забележува авторот, иако било ученичко, имало просветно-благотворно-национален карактер. Под пазувите на ова друштво во 1886 година бил формиран Охридскиот таен револуционерен кружок (ОТРК), кој се јавува седум години порано не само како претходник на Гоцевата Тајна македонско-одринска революционерна организација (ТМОРО) туку и како нејзин прототип и зачеток. Друштвото и Кружокот биле организатори на прославата на илјадагодишнината од смртта на свети Методиј во 1886 година.

Еден од најистакнатите членови на Друштвото и на Кружокот бил Климент В. Заров, во чија куќа е формиран Кружокот. Тој во 1887 година напечатил мапа на Охрид и на неговата околина, со цел од нејзината продажба да се помагаат сиромашните ученици. Исто така, Климент В. Заров презел патувања во Бугарија, во Србија и во Романија, помеѓу другото, за да бара доброволни прилози за издршка на градските и на селските училишта.

Друштвото „Свети Климент“ во содејство со ОТРК, Неделното училиште „Арсениј“ / „Свети Климент“, а можеби и во содејство со ТМОРО, во кои асоцијации активно учествувал Аргир Маринче, при крајот на XIX век, забележува авторот, повлијаело Охридската митрополија да донесе Правилник за обичаите на свадби, при раѓање и при умирање. Правилникот бил донесен со цел да се заштитат граѓаните од големите издатоци при вршењето на обичаите. Тој Правилник, нотира Ристески, има историско-културно значење затоа што е најстар таков познат документ од охридскиот регион.

Од архивски извори авторот наведува дека Аргир Маринче бил извонредно активен во поглед на македонското националноослободително дело. По единаесетгодишно учителствување тој во 1889 година сакал да оди во Солун да стекнува педагошки знаења. Авторот претпоставува дека Аргир Маринче на тој начин сакал да се најде во центарот на македонското раздвижување и во кругот на македонските дејци и просветители. Меѓутоа, наместо во Солун, тој бил преместен за учител во Вевчани. Тоа резултирало од фактот што Бугарската егзархија ја насетила опасноста од Друштвото „Свети Климент“ и од ОТРК, па повеќето нивни членови, помеѓу кои и Маринче, биле преместени во други градови и села.

Доаѓањето на Маринче во Вевчани било на плодна револуционерна почва, затоа што во време кога во повеќе села на Охридско и Струшко немало отворено училиште, во Вевчани работеле по два-тројца учители, а како што забележува авторот, во учебната 1890/91 година имало дури две училишта: машко „Свети Спас“ и женско „Надежда“,

кои од учебната 1891/92 година се споиле и работеле како едно: Мешовито училиште „Свети Спас". Во учебната 1902/3 година бил отворен дури и први глас гимназија. Важно е да се забележи и фактот што во Вевчани работеле голем број охриѓани, а од Струга во Вевчани работел и истакнатиот просветител и револуционер Јаким Деребанов. Треба да се констатира дека со доаѓањето на Аргир Маринче во Вевчани започнала и педагошката документација на вевчанското училиште „Свети Спас". Помеѓу другото, Маринче како управител на училиштето, во воведниот дел од Главната книга дал кус историјат на училиштето.

Иако водечките личности на Друштвото „Свети Климент" биле преместени од Охрид на работа во други места, тоа друштво, забележува авторот, работело до 1891 година. Во следната 1892 година, во Охрид било отворено Неделното училиште „Арсениј", според името на последниот охридски архиепископ. Ова училиште ги продолжило духот и делото на Друштвото „Свети Климент" и на ОТРК, па затоа набргу и го добило името „Свети Климент". Тоа било затворено во 1897 година. Важно е да се спомене дека секретар на училиштето бил Аргир Маринче.

Дејноста на неделните училишта во Охрид и во Струга била основа за формирањето на ТМОРО во 1894 година. Организацијата набргу се проширила и во селата. Аргир Маринче бил организатор на ТМОРО во Ботун.

Од учебната 1899/900 година Аргир Маринче бил учител во Охрид. На патрониот празник на училиштето „Свети Кирил и Методиј" во маалото Кошишта дошло до директен судир со егзархискиот владика Методиј кога Аргир Маринче настапил со реферат, во кој станувало збор за ропската положба на македонскиот народ и за целта и задачите на ТМОРО. Треба да се истакне дека Маринче често бил одговорен за прифаќање и пренесување оружје, за прифаќање комити и нивно испраќање до четата. Половина година тој се криел низ Охрид, меѓутоа потоа станал нелегален борец на ТМОРО, најпрвин во четата на Дејан Војвода, а во февруари 1903 година станал секретар во четата на Никола Митрев-Елшански. Со оваа чета Аргир Маринче поитал на помош во Рбиново - Охридско, на 28 март 1903 година, настан што се смета за „генерална проба за Илинденското востание".

Маринче бил еден од четворицата делегати од Охрид на Смилевскиот конгрес, кој се одржал од 2 до 7 мај 1903 година. На тој Конгрес Маринче се запознал со положбата, со проблемите и со задачите на Битолскиот револуционерен округ. Тоа, забележува авторот, било од голема полза за неговото идно дејствување. По враќањето од Смилевскиот конгрес охридскиот регион бил поделен на шест дела. Четвртиот дел бил наречен „езерски" и со него раководел војводата Никола Митрев со секретарот Аргир Маринче.

Во текот на востанието Аргир Маринче станал војвода на поширокото коселско подрачје. Тој вооружените акции целосно ги реализирал. Но по првите успеси на востаничките акции, турскиот аскер презел противнапад, поради што две-три илјади души од настраданите села побарале засолниште во месноста Рашанец.

Збегот во Рашанец бил добро организиран и заштитуван од четите на Аргир Маринче, Никола Митрев, Цветко Силјанов и од други чети. По жестоките пресметки на турскиот аскер во противнападите, кај дел од востаниците настапила извесна малодушност, по што Христо Узунов испратил писмо до времениот раководител на езерскиот реон Аргир Маринче, во кое се давале упатства како да дејствуваат востаниците.

Збегот во Рашанец имал организиран живот, во што посебно место имал Аргир Маринче. Издршката на збегот била на товар на месното население. Меѓутоа, во неволјата се јавиле и предавници. Такви биле: Велјан Славев од Речица, неговите браќа Тасе и Симон и мајка им. Тие, облечени во аскерски алишта, го воделе аскерот. Ноќта на 13 септември со околу три илјади турски аскери и башибозук од сите страни се упатиле кон збегот во Рашанец. А во збегот биле само 117 оружени востаници и мирното население. Нерамната борба на Рашанец траела околу петнаесет часа. Аргир Маринче не се повлекол. Останал со народот на Рашанец до последниот здив и до последниот куршум на вечна стража заедно со 41 востаник и со 160 души од населението што побарало спас во збегот.

Борбата на Рашанец нашла одраз во народната и во уметничката литература. За неа и за јунакот Аргир Маринче е испеана песна во неколку варијанти. Една варијанта била снимена од Староградските беќари, а друга од ансамблот „Билјана". Уметнички приказ на настанот и на јунакот од Рашанец дал писателот Радослав Петкоски во расказите „Рашанец" и „Татко".

На ова место, нотира авторот, по повод стогодишнината од Илинденското востание и од херојската погибија на војводата Аргир Маринче со своите востаници се поставени соодветни обележја и надгробна плоча.

Пред да го завршиме нашиот приказ, треба да забележиме дека монографијата е збогатена со десетина фотрографии и со три факсимили во функција на текстуалниот дел. За истакнување е фактот што оваа книга има над сто забелешки што зборуваат за големата упатеност на авторот во оваа материја.

На крајот, ќе истакнеме дека народот го опеа херојот од Рашанец во народна песна; писателот Радослав Петкоски го опиша во раскази, Општината Косел му изгради соодветно обележје и надгробна плоча, а проф. д-р Стојан Ристески го овековечи со малата но драгоцена монографија „Војводата Аргир Маринче", во која грижливо ги дава сите научни сознанија за јунакот на епопејата од Рашанец.

Васил Дрвошанов